Република Македонија
НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ
Republika e Maqedonisë
AVOKATI I POPULLIT
OMBUDSMAN
Republic of Macedonia

Народниот правобранител - Национален превентивен механизам (НПМ) на **17.10.2016 година** спроведе ***ненајавена последователна посета*** на Привремениот транзитен центар ,,Винојуг" – Гевгелија. Оваа посета беше последна во низата последователни посети, што тимот на Националниот превентивен механизам ги спроведе на: 23.05.2016, 31.05.2016, 10.06.2016, 01.07.2016, 21.07.2016, 04.08.2016, 23.09.2016 и 13.10.2016 година.

Посети беа спроведени во рамки на мандатот и надлежностите кои произлегуваат од Факултативниот протокол кон Конвенцијата против тортура и друго свирепо, нечовечко или понижувачко постапување или казнување и Законот за народниот правобранител. Овие посети следат по редовната посета која НПМ ја спроведе во Привремениот транзитен центар „Винојуг" – Гевгелија на 16.05.2016 година, за што изготви посебен извештај од 01.06.2016 година со соодветни констатации и препораки кои беа доставени до Владата на РМ, министерот за внатрешни работи, министерот за труд и социјална политика, министерот за здравство и до директорот на Центарот за управување со кризи.

Целта на овие последователни посети е следење на спроведувањето на препораките од Посебниот извештај на Националниот превентивен механизам од 01.06.2016 година и идентификување на ризици заради спречување на тортура или друг вид на сурово, нечовечко или понижувачко постапување или казнување.

На оваа посета, Националниот превентивен механизам констатираше дека пет, од шесте претходно упатени препораки кон оганите одговорни за менаџирање на Привремениот транзитен центар ,,Винојуг" – Гевгелија, се успешно спроведени.

Имено, НПМ тимот реагираше на попречувањето во вршењето на должностите од страна на претставниците на Центарот за управување со кризи, после што, на последователните посети тимот на Националниот превентивен механизам наиде на добра соработка и кооперативност од претставниците на ЦУК. Понатаму, констатирано е дека на претставниците на меѓународните и невладините организации им се овозможува пристап до шаторот „Хабитат" и им

се дозволува да вршат разговори со мигрантите/бегалците, што не беше случај пред посетите на НПМ тимот.

Заради регистрирање на лицата кои поднеле барање за признавање право на азил или заради вршење на интервјуа со барателите на азил, претставници од Секторот за азил во неколку наврати го посетувале Привремениот транзитен центар, што е одговор на барањето на НПМ да се обезбеди присуство на претставниците на Секторот за азил во Центарот.

Тимот на Националниот превентивен механизам, при посетата на Привремениот транзитен центар Винојуг, констатира состојба на неспроведена една препорака, односно констатирано е дека продолжува праксата нерегуларните мигранти затекнати на територијата на РМ, по неколкучасовно краткотрајно сместување во шаторот „Хабитат“, групно да се депортираат во земјата од каде што го извршиле влезот (најчесто Грција), без никакви формалности и без да се води официјална евиденција за тоа.

Актуелниот број на официјално сместени и задржани лица во Привремениот транзитен центар „Винојуг“ на денот на посетата беше 124 лица. Сите овие лица се влезени и затекнати во Република Македонија пред официјалното затворање на границите и на т.н. „балканска рута“.

Констатирана е и нововоспоставена пракса - барателите на азил од Привремениот транзитен центар „Винојуг“ повеќе да не се носат во Прифатниот центар за баратели на азил во Визбегово – Скопје, туку да се сместуваат во куќарки (контејниери) коишто се поставени непосредно до оградениот дел на Привремениот транзитен центар „Винојуг“. Имено, од вкупниот број на лица, 21 имаат поднесено барање за признавање право на азил, а од нив 11 лица се сместени надвор од оградениот простор, непосредно до Привремениот транзитен центар, додека останатите 10 лица се уште се сместени во рамки на Привремениот транзитен центар.

Генералниот впечаток е дека одговорните органи во Центарот имаат слух за препораките на Народниот правобранител – НПМ и се прават напори за подобрување на состојбите.